# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 4 октомври 2025*

## ИСКРЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ НА ЉУБОВТА

*2. Коринќаните 6,3-13*

**Илустрација:** Во 1986 г. Американскиот сенатор Џејк Гарн од Јута, направил едно херојско дело – донирал еден од своите органи за да спаси нечиј живот. Анкетите говорат дека 73% од Американците одобруваат донирање на органи, но само околу 20% реално потпишуваат донаторска картичка и одлучуваат да донираат органи. Сепак, во случајот со сенаторот Гарн, тој не чекал да умре за да го донира својот лев бубрег. Неговата 27-годишна ќерка, Сузан Гарн Хорн, заради дијабетес страдала од прогресивен застој на работата на бубрезите. Лекарите утврдиле дека Џејк Гарн и неговите двајца синови се компатибилни донатори. Но сенаторот инсистирал тој да дарува бубрег на ќерка си. Рекол: „Мајка ѝ ја носеше девет месеци, а мене ќе ми биде чест да ѝ дадам дел од себеси". И така, на 10 септември 1986 година била извршена операција која траела шест часа и ќерката на сенаторот добила еден бубрег. По операцијата и двајцата се чувствувале добро. Лекарите известувале: „Сенаторот е буден и се насмевнува. Делува мошне задоволно, среќно и смирено." Нема подобро и поискрено изразување на љубовта од ова! Денес ќе, размислуваме за текстот од 2. Коринаќните 6, и за искреното изразување на љубовта:

**1. Избегнувајте да ги навредувате другите**
**2. Помагајте им на другите**
**3. Изговарајте зборови проникнати со љубов.**

### 1. Избегнувајте да ги навредувате другите

**Илустрација:** Еден професор на факултет им рекол на своите студенти: „Ако има некои во оваа просторија што сметаат дека се глупави, би ги замолил да станат". Во училницата завладеал молк, а тогаш станал еден студент од прва година од задниот ред.

Професорот го прашал: „Што? Ти мислиш дека си глупав?“ Студентот одговорил: „Па, не баш, но ми беше жал да стоите сами“.

Некој да се нарече глупав или глупак е навредливо. Внимавајте на своите зборови! Немојте да користите навредливи зборови, зашто истите може да ви се вратат! Не напаѓајте! Не само што ќе ги навредите луѓето, туку еден ден ќе наидете на некој кој е поголем од вас.

2. Коринќаните 6,3: *„Не даваме никакви соблазни, ни во шшо, за да не ѝ се пригговори на нашаша служба“*. Апостол Павле не бил дрзок ниту му било потребно прилагодување на ставовите. Тој не размислувал вака: Па, ќе направам како јас што сакам. Ќе го кажувам она што јас сакам, без оглед што мислат другите! Тоа е став што го имаат некои луѓе. Тие не се грижат кого ќе го повредат ни како ќе ги повредат другите.

Луѓето кои практикуваат вербално да ги напаѓаат другите не ни се мили. Љубовта никого не го навредува. Избегнувајте да ги навредувате другите. Внимавајте на своите зборови. Внимавајте што зборувате и како зборувате.

Мудри изреки 10,19: *„Изобилсшво зборови не бидува без грев, а кој го воздржува својош јазик, разумен е.“*

Внимавајте и на своите чекори. Ние не навредуваме само со зборови, туку и со нашите дела.

Римјаните 14,13: *„Зашоа, да не се осудуваме веќе еден друг, шуку иодобро да мислиме за шоа: никој да не иосшавува иред брашош соики или соблазни!“*

Павле не сакал никого да навреди. Тој бил подготвен да се откаже од нешто што го сметал како камен на сопнување за другите. Начелото гласи вака: Ако искрено ги сакаме луѓето, ќе го отстраниме од својот живот она што би можело да ги спречи да го следат Христа.

Истото важи и за животот во црквата. Ако сакаме да се храбриме едни со други во верата, постојат мигови кога треба да престанеме да правиме одредени работи кои се камен на сопнување за другите или кои ги навредуваат другите.

**2. Помагајте им на другите**

Во 2. Коринќаните 6,6. Павле зборува за разбирањето, трпе-нието и добрината. Но кога сме полни со разбирање, трпеливи и љубезни, ние внимаваме на другите луѓе. Жално е што живееме во себично општество чиишто начини на однесување знаат да се одразат и на нас како христијани.

**Илустрација:** Една учителка во саботната школа, откако на децата им ја раскажала приказната за Милостивиот Самарјанец, ги запрашала што научиле. Едно момче ја подигнало раката и рекло: „Научив дека, секогаш кога ќе се најдам во неволја, некој треба да ми помогне".

Повеќето од нас најпрво си мислат на самите себе.

**Илустрација:** Сер Винстон Черчил во една прилика отишол на крстарење на италијански брод. Некој новинар во Рим го сретнал бившиот британски премиер и го запрашал зошто од-лучил да патува со италијански брод, кога на располагање му е познатата флота на Кралицата под британско знаме.

Черчил малку размислил и потоа одговорил: „Постојат три работи што ми се допаѓаат кај италијанските бродови. Најпрво, нивната кујна е ненадминлива. Второ, нивната услуга е одлична. А потоа Винстон Черчил додал, „А ги нема ни оние глупави работи како - прво жените и децата".

Ние сме во суштина себични, егоцентрични, повеќе мислиме на себе отколку на другите. Но не треба да биде така.

Филипјаните 2,3.4: „*Не правете ништо од натпреварување или од суетно честољубие, туку во понизност сметајте се еден друг за поголем од себеси! Не гледајте секој само на своето, туку секој нека гледа на она што се однесува за другите.*"

Римјаните 15,1-3: „*Ние силните должни сме да ги носиме сла-бостите на слабите, а да не си угодуваме сами на себеси. Секој од нас нека му угодува на ближниот, во негова полза, за добро, зашто ни Христос не си угодуваше Сам на Себеси, туку како што е напишано: 'Хулите на оние, кои Те хулеа, паднаа на Мене'.*"

Галатите 5,13: „*Зашто вие, браќа, повикани сте кон слобода;*

*само слободата да не ви биде повод за угодување на телото, туку со љубов служете си еден на друг*".

Галатите 6,2: „*Носете ги бремињата еден на друг, и со тоа ќе го исполните законот Христов!*"

**Илустрација:** Еден проповедник раскажал приказна за своите родители, кои се воспитани поинаку од многу луѓе денес. „Мојата сестра неодмна го повика семејството да се најдеме заедно во нејзиниот дом во Синсинати. Купиле нова куќа, па ни даде упатства за паркирање.

Ни рече дека во дворот на куќата има место само за два автомобила и дека можеби ќе треба да се паркираме на улица. Ако двете места пред куќата веќе се пополнети кога ќе стигнеме, требаше да одиме далеку по улицата и да го паркираме автомобилот на школскиот паркинг и потоа да дојдеме пеш до куќата.

Кога стигнав со своето семејство, во дворот немаше автомобили па тука го паркирав својот. Кога влеговме внатре, открив дека моите родители веќе стигнале. Тие се паркирале на школскиот паркинг и пеш дошле до куќата, за оние што ќе дојдат подоцна да не мора толку далеку да пешачат. Отидов надвор, го преместив својот автомобил на школскиот паркинг и се вратив назад."

Овој проповедник бил трогнат од однесувањето на своите понизни родители. Каква порака за нас денес! Тоа е промисленост во нас која треба да ја имаме кон другите. Љубовта се грижи за другите! Љубовта секогаш мисли на другите!

### 3. Изговарајте зборови проникнати со љубов

**Илустрација:** На почетокот од бракот, еден маж ѝ рекол на својата жена дека ја сака. Оттогаш минале повеќе од 30 години а тој никогаш повеќе не ѝ кажал дека ја сака. Конечно, еден ден таа го прашала зошто.

Тој ѝ одговорил: „Слушај, ти реков пред многу години дека те сакам. Да сум се предомислил, би ти рекол!"

2. Коринќаните 6,11: „*Нашата уста се отвори кон вас...*“

Мислам дека можеме да претпоставиме дека Павле во својот говор бил брз да ја изрази својата љубов кон народот. Тој не се плашел, ниту бил премногу горделив да каже: „Многу ми значите. Се грижам за вас. Ве сакам. Овде сум за вас.“

Проповедник 3,7: „*...Време за молчење и време за зборување.*“

Мудри изреки 10,21: „*Усните на праведниот се храна на мнозина, а глупавите умираат од недостаток на разум.*“.

Мудри изреки 12,18: „*Невнимателниот зборува како да прободува со меч, а јазикот на мудрите е исцелување*“.

Верувам дека многу луѓе боледуваат затоа што никогаш не ги слушнале зборовите: „Те сакам!“ Тие се надеваат дека ќе ги слушнат тие зборови на љубов, но тоа не се случува. Или се случува ретко. Не се сите добри во речито изразување на љубовта, но потребно е да работиме на тоа, да се вежбаме. Постои време кога треба да се молчи, но постои време и кога треба да се зборува. Треба да зборуваме за нашата љубов кон другите.

**Заклучок**

**Илустрација:** Во својата книга *Практично христијанство* Ц.С. Луис напишал: „Не губете го своето време грижејќи се дали го „сакате“ својот ближен, туку однесувајте се како тоа да го имате и да го правите. Штом ќе го направиме тоа, ќе откриеме една голема тајна. Кога се однесувате како да сакате некого, ќе почнете навистина да го сакате.“

Луис кажува дека учиме да сакаме преку вежбање да ја изразуваме љубовта. Сите сме аматери кога станува збор за изразување на љубовата, но тоа не значи дека треба да престанеме да ја покажуваме. Вежбањето усовршува. Вежбањето да ја изразуваме љубовта прави да стануваме се подобри во тоа.

Колошаните 3,14: „*А над сето тоа облечете се во љубов, која сврзува сè во совршенство!*“.

1. Петрово 4,8: „*Пред сè имајте постојана љубов меѓу себе, зашто љубовта покрива многу гревови*“.

Љубовта кон другите е нешто најголемо што можеме да го оствариме во животот.

*Сабота, 1 ноември 2025*

## БОГ ГИ КОРИСТИ СЕКОЈДНЕВНИТЕ ЛУЃЕ: ЛИДИЈА

*Дела 16,14-15.*

Денес ќе погледнеме како Бог искористил и затворена и отворена врата за да може преку една деловна жена по име Лидија евангелието да влијае на европските простори. Ајде да ги отвориме своите Библии во Дела 16. Апостол Павле патува со група следбеници за да ги пренесе одлуките што се донесени на посебен собор одржан во Ерусалим. Тие се движат од еден град во друг, посетувајќи ги црквите што веќе ги организирале и организирајќи нови. Но тогаш сите врати почнуваат да се затвораат.

Од случајот со Лидија можеме да извлечеме четири поуки кои можеме да ги примениме на својот живот:

**1. Барајте отворена врата**

Бог користи затворена врата за да нè стави во ситуации во кои Неговата порака ќе отиде до луѓе кои Тој веќе ги подготвил да ја слушнат. Во 6. стих можеме да видиме дека Светиот Дух ја затворил вратата во Азија. Забележете дека *„Светиот Дух им забрани да го проповедаат словото“* на тоа место. Во 7. стих Исусовиот Дух не им дал да влезат во друго подрачје. Вратата два пати се затворила, а Павле не разбирал зошто, бидејќи, според него било сосема логично да одат во овие заедници. Павле веројатно бил разочаран и можеби малку обесхрабрен кога оваа врата се затворила.

Дали некогаш сте се нашле во слична ситуација? Понекогаш работите ни делуваат јасни, но кога се обидуваме да минеме низ вратата, таа пред нос ни се затвора – продажбата на куќата не

успеала, унапредувањето на работното место пропаднало, здравствениот извештај не е таков каков што сме очекувале. Наместо да се налутиме или да станеме очајни, да се обидеме да го согледаме тоа како начин на кој Бог нè пренасочува со љубов. Еве едно добро начело: Откријте каде Бог дејствува и придружете Му се. Тоа е многу подобро отколку да го работиме она што ние го сакаме и бараме од Него да нè благослови.

Наместо да се нервира, Павле се обидува да спие и во 9. стих има визија за човек од Македонија кој моли: *„Дојди во Македонија и помогни ни“*. Откако ја имал оваа визија, тие се подготвиле да тргнат „веднаш“. Еве го принципот: Бог често го отвора патот кога ние ќе се тргнеме од патот. Додека чекаме, Бог работи. Псалм 38,15: *„Зашто, о, Господи, на Тебе се надевам, Ти ќе ме услишиш, Господи, Боже мој!“*

Да прочитаме Дела 16,12: *„А оттаму во Филипи, римска колонија и прв град во оној дел на Македонија.“* Филипи, или во некои преводи Филиба, била Римска колонија иако географски била одвоена од Италија. Павле и неговата екипа стигнале во овој град очекувајќи да го пронајдат човекот што им се јавил во визија. Веројатно се загрижиле, затоа што никаде не можеле да пронајдат ниту еден верник, сепак, 12 стих вака завршува: *„...Во тој град престојувавме неколку дена“*. Тоа е добро начело кога чекате да се отвори вратата. Немојте толку да брзате. Чекајте го Божјето време.

Тринаесеттиот стих ни кажува дека во сабота излегле од градот, покрај реката, за да најдат место за молитва, затоа што помислиле дека луѓето таму се собираат. Божјиот народ би се собирал пред реката, дури и во Вавилон, кога немале друго место за собирање. Видете Псалм 137,1: *„На бреговите на вавилонските реки седевме и плачевме, спомнувајќи си за Сион“*.

Според еврејскиот закон, синагога можела да се организира ако имало десет луѓе кои би се посветиле на заедницата. Но бидејќи во Филипи немало кворум на посветени луѓе, група жени се собирала пред реката за да се молат. За да биде ситуацијата

уште покомплицирана, надвор од Филипи се наоѓал натпис кој забранувал да се внесува непризнаена религија во градот. Тоа дополнително објаснува зошто ова богослужение се одржувало надвор од градот.

**2. Божјето место нека стане приоритет**

Да ја видиме првата половина на 13. стих: *„А во саботата излеговме надвор од градската врата, кон реката, каде што имаа обичај да се молат...“* Важно било местото да биде покрај река, бидејќи Евреите ритуално ги миеле рацете пред молитва. Овие жени се собирале за да рецитираат од Писмото, да читаат од Законот и Пророците, да разговараат за она што го прочитале и да се молат. Пријатели, немојте да го смалувате она што се случува кога се молиме. Кога трпеливо чекаме, Бог ќе ни отвори врата. Овие мали групи секогаш биле отворени да ги послушаат учителите што минувале тука да поучуваат и да изнесат нешто од Писмото. Токму тоа го направиле Павле и неговите сопатници во втората половина на 13. стих: *„И седнавме и им зборувавме на собраните жени.“* Тоа се случува кога се проучува Библијата во мала група - луѓето ќе седнат заедно и разговараат за теми од Писмото едни со други. Придружете се и вие на ваква група.

Четрнаесеттиот стих вели: *„И некоја богобојазлива жена по име Лидија, продавачка на пурпурно платно од градот Тиатир, слушаше...“* Лидија потекнувала од град познат по производство на пурпурна боја и веројатно била задолжена за огранок на таа дејност во Филипи. Пурпурот бил царска боја и облеката со ваква боја имала висока побарувачка, бидејќи била статусен симбол. Би можеле да ја поистоветиме со костум од Армани, Ролекс часовник или Гучијева торба. За повеќето Евреи нејзината работа била скандалозна, бидејќи пурпурната боја потекнувала од школки кои се сметале за нечисти. Процесот на производство на виолетова боја вклучувало дробење на повеќе илјади школки за да се направи само еден метар или два пурпурна ткаенина.

Иако е несомнено дека оваа трговка била успешна деловна жена, таа била меѓу оние што слушале. Зборот „слуша“ укажува на траен процес кој покажува дека испитувала духовни теми. Тоа буквално значи добро да ги отвориме ушите за ништо да не пропуштиме. Кога слушаме внимателно, ќе слушнеме што Бог има да ни каже. Ако мечтаеме или станеме попречени на некој друг начин, ќе го изгубиме она што Бог се обидува да ни го каже. Понекогаш тешко е да се остане буден или насочен во текот на проповедта, но да се сетиме дека проповедта не е покора.

Забележете исто така дека таа била „богобојазлива“. Тоа значело дека била безбожничка која одлучила да го следи Јудаизмот и дека искрено ја барала духовната вистина. Била религиозна, но сè уште не била обратена. Знаела за Бога, но всушност лично не го познавала. Се молела, но уште не ја открила Божјата намера во својот живот.

Иако била зафатена деловна жена, Лидија не се откажала од саботните состаноци со другите. Таа можела да остане дома и подолго да спие, бидејќи тоа бил нејзин единствен „слободен ден“. Иако можела да ги средува документите во канцеларија или да оди на езеро или на излет, наместо тоа, таа го следела советот во Евреите 10,25: *„Да не ги напуштаме своите собранија, како што некои имаат обичај, туку да се бодриме еден друг, и тоа дотолку повеќе, доколку гледате дека наближува Денот!“* Токму на тој состанок со другите, таа ќе се сретне со Бога на мошне реален начин.

Ако сакате Бог да ви стане реален во животот, тогаш зацртајте си себеси молитвата и заедничките богослуженија да ви станат приоритети.

**3. Минете низ отворена врата**

Додека ги слушала зборовите на овие весници, *„и Господ и го отвори срцето да внимава на Павловите зборови.“* Зборот „отвори“ значи во целост да се отвори. Спурџон додава длабочина на тоа кога кажува: „Оној што направил катанец, добро знае кој клуч

ќе му одговара.“ Поврзаноста меѓу Божјето дело и човечката одговорност е неверојатна. Бог ја отворил вратата на нејзиното срце, но тоа го направил додека ја слушала Неговата Реч. Секогаш е сè врзано за Бога, зар не? Грешиме кога велиме: „Јас решив да го следам Христа“ или „Јас го бирам Христа“. Не би направиле ништо слично кога Бог не би го отворил нашето срце да слушаме и да реагираме. Исаија 50,5: *„Господ Бог ми ги отвори ушите: Не се противев, ниту се повлекував.“* Да прочитаме Јован 6,44: *„Никој не може да дојде при Мене, ако не го привлече Таткото, кој ме прати...“* Бог ја отвора вратата, а ние можеме да минеме низ неа.

Павле и неговите соработници биле верни во послушноста кон Отецот додека ги барале оние што биле отворени. Ја пронашле Лидија, која ја барала духовната вистина. Бог направил сето тоа да се случи. Тој ги избрал весниците кои ќе ја пренесат Неговата порака за оваа религиозна жена да стане дел од Неговото семејство.

Бог суверено работи зад сцената иако ние не сме секогаш свесни за тоа. Размислете за тоа како Бог направил Лидија и Павле да се сретнат во одреден миг. Таа била од Тијатир кој се наоѓа во западна Турција, а Бог ја довел во Филипи, град оддалечен повеќе илјади километри. Можела да се обиде да ја продава својата ткаенина во Коринт или да отвори продавница во Атина, но Бог ја поттикнал да дојде во Филипи. Павле се обидел да оди во Турција, но бил спречен во тоа и поттикнат да оди во Филипи. Бог ја уредил средбата покрај реката за Лидија да може да ја слушне Павловата порака и да се обрати. Ако ја погледнете картата, ќе видите дека изгледа полесно би било, а исто така и поевтино и побрзо кога Павле би заминал право за Тијатир за Лидија да ја слушне неговата проповед. Но Бог имал други планови. Бог често дејствува така.

Бог е најголемиот евангелист. Неколку години подоцна, кога Павле ѝ напишал на црквата при чија организација Лидија помогнала, тој мошне јасно напишал во Филипјаните 2,13: *„Зашто Бог е Оној, Кој дејствува во вас да сакате и да постапувате, според*

*Неговата волја*". Наша одговорност е да ја споделуваме Божјата Реч сегакош кога ќе имаме прилика за тоа. Божје дело е да ги отвора срцата. Дали познавате некои „религиозни" луѓе? Кажете им дека Бог е повеќе заинтересиран за заедницата отколку за религиозноста. Постојат луѓе околу нас кои го бараат Бога и не го наоѓаат во религиозните ритуали. Обратете им се. Послужете им. Седнете со нив и разговарајте. Посредувајте за нив. Повикајте ги да се придружат на вашата мала група. И денес, овде, сигурно постојат некои религиозни луѓе кои сè уште не ја започнале својата заедница со Христа.

**4. Покажете надворешен доказ за внатрешната промена**

По обратувањето на Лидија, 15. стих ни кажува дека таа и нејзиното домаќинство се крстиле, веројатно во истата река покрај која се собирале. На најосновно ниво, крштевањето е јавно објавување на внатрешната одлука. Откако се обратила, таа не го губела времето јавно да се поистовети со својот Спасител. Редоследот во книгата Делата на апостолите е јасен: Верувајте и крстете се. Еве само еден пример од Дела 2,41: „*И така, се крстија оние, кои го прифатија неговото слово...*"

Крштевањето помага нашата вера од приватноста да се премести во јавноста. Кога се крштаваме ние јавно ја потврдуваме, на мошне видлив начин, нашата желба во потполност да се посветиме и неотповикливо да се поистоветиме со Христа. Кога ќе влезете низ вратата на спасението, ќе постојат надворешни докази на внатрешната промена. Нашиот текст ни покажува две работи кои се случуваат веднаш по крштавањето:

*** Признавање на верата преку крштевањето**

*** Укажување гостопримство**

Скромноста на Лидија доаѓа до израз во 15. стих: „*Ако ме признавате за верна на Господа...*" Откако Господ го отворил нејзиното срце да поверува, таа преку крштавањето јавно се покажала како верник, а потоа ја отворила вратата на својот дом кога рекла: „*влезете во мојот дом и останете*". Дали гледате дека,

кога еднаш се отворило нејзиното срце, се отворила и вратата на нејзиниот дом. Таа ја примила пораката во своето срце и сега ги прима весниците во својот дом. Лука додава дека ги „натерала“ да го употребат нејзиниот дом како база која ќе ѝ овозможи на патувачката екипа одмор и освежување. Не сакала да прифати „не“ како одговор. Гостопримството било стратешка служба во тоа време, а така е и денес. Кога Бог ќе го отвори нашето срце, мора да го отвориме и нашиот дом. Еве добро прашање за размислување: Дали вратата на мојот дом е отворен? Ако не е, можете ли да се сетите на начините на кои можете да го отворите својот дом за другите?

Римјаните 12,13: *„Помагајте им на светите во нивните потреби! Ревнувајте во гостољубие!“* Кога зборувал за тоа како најдобро да ги поддржиме верниците што му служат на Христа, Јован ги запишал следните зборови во 3. Јованово 8: *„И така, ние сме должни да ги примаме таквите, за да станеме соработници за вистината.“*

Да отвориме сега Дела 16,40: *„И кога излегоа така од темницата, дојдоа при Лидија, ги видоа браќата и ги утешија, и си отидоа.“* Од каде дошле овие „браќа“? Тие не биле со Павле кога прв пат стигнал во Филипи. Бог ја употребил Лидиината промена на животот за да доведе други души кај Него, бидејќи Лидија го отворила својот дом за да допре до срцето на луѓето. Таа се грижела за необратените користејќи ги своите врски за да им зборува на луѓето за Исус; потоа од својот дом направила средство за служба. И ние можеме да го направиме истото. Употребете го она што го имате за да му служите на Христа. Минете низ отворената врата што стои пред вас и не грижете се за онаа што е затворена.

**Животните поуки на Лидија**

**1. Кога Бог ќе ја отвори вратата на спасението, минете низ неа.** Дали сте се обидувале да живеете „религиозен“ живот, без да бидете сигурни дека имате заедница со Исуса? Слушајте го

Господа и кога Тој ќе го отвори вашето срце, одговорете му. И вие се наоѓате овде денес заради некоја отворена врата. Повикани сте во оваа црква во ова време. Време е да го примиме откупувањето сега, да минеме низ вратата. Во Јован 10,9 Исус кажува: *„Јас Сум вратата; кој ќе влезе низ Мене, ќе биде спасен, ќе влегува и ќе излегува и ќе најде пасиште“.*

2. Кога Бог ќе затвори една врата, минете низ онаа што ја отворил. Бог ќе го отвори патот кога ние ќе се тргнеме од патот. Со затворање на една врата, се отворила друга и Павле и неговата екипа минале низ неа. Која врата е сега затворена за вас? Наместо да се обидувате силум да ја отворите, со вера барајте Бог да отвори друга врата. Дали постои некоја отворена врата во некое подрачје на вашиот живот а да не сакате да минете низ неа? Решете сега дека ќе минете низ неа со вера и направете така.

3. Помогнете им на другите да минат низ отворената врата на тој начин што ќе барате да задобивате души за Бога. Забележете како го правеле тоа Павле и неговата екипа. Тие...

* **Работеле плански.** Отишле таму каде што се наоѓале религиозни луѓе. Барајте начини намерно да бидете со луѓето што не го познаваат Исуса. Тоа можеби ќе значи да се придружите кон некоја организација, дружење со други родители или не брзајте да си заминете од работа кога можете да поразговарате со некого. Размислете за вашата кариера, за вашите меѓучовечки односи и вашите занимања заради Божјото царство.

* **Создавале односи.** Седнале во друштво на жени. Понекогаш Павле стоел на пазар и проповедал, но овојпат седнал. Подоцна неговата екипа одвоила време да престојува во домот на Лидија, каде што можеле да поучат нови верници. Службата секогаш мора да создава односи. Некои од нас треба да подзастанат и повеќе да се насочат кон пријателство со луѓето.

* **Разговарале.** Тие зборувале со нив. Забележете дека не проповедале ниту се расправале за политика, ниту се обидувале да ги исправат нејзините обичаи. Проповедта не би била соодветна. Добар совет: Раскажете приказна и внесете го евангелието во неа.

* **Христоцентрични.** Тие можеле да разговараат за многу работи, но се сосредоточиле на Христа. Секогаш кога разговараме со некого, треба да бараме начини темата да ја насочиме кон Христа.

* **Семејни.** Не заборавајте што може да му се случи на цело семејство, дури и на проширено семејство, кога ќе се обрати кон Христа само една личност. Тоа најверојатно се случило додека мисионерите престојувале во домот на Лидија – запознале други членови на нејзиното семејство и разговарале со нив. Да се насочиме кон семејствата во нашето општество, за цели домови да можат да дојдат кај Христа и да ги следат неговите патишта. Спурџон рекол: „Секој дом треба да биде Божји дом, и во секој дом треба да има црква“.

Еден човек од Македонија барал да им дојдат мисионери и Бог ја употребил затворената врата за да ги поттикне своите весници да се упатат кон отворената врата. Бог често го отвара патот кога ние ќе се тргнеме од патот. Кои повици ги слушате денес? Дали го слушате очајот кај своите соработници? Кај соседите? Дали го слушате тагувањето на изгубените членови на вашето сопствено семејство?

*Сабота, 6 декември 2025*

## РАДОСНАТА ВЕСТ Е ЗА СИТЕ:
## КАКО ДА СЕ НОСИ ЕВАНГЕЛИЕТО?

Еднаш, на една христијанска двојка ѝ држев библиски часови за скорото Христово доаѓање. Обично, во текот на овие проучувања поставувам прашање за спасението, но цело време ме мачеше мислата дека тоа не треба да го правам со ова семејство. Тие ги имаа сите ознаки на обратени христијани. Зошто да ризикувам и да ги навредам поставувајќи им прашања за нивното спасение?

На крајот на проучувањата сепак тивко се помолив за храброст и ги запрашав дали се подготвени да се сретнат со Христа ако Тој сега се врати и дали би имале сигурност во вечниот живот кога ненадејно би умреле. Сопругот долго размислуваше, а потоа искрено ми кажа дека мисли дека е подготвен. Сопругата ја наведна главата и гледаше во подот, бидејќи беше длабоко вознемирена од овие прашања. По долга тишина, која делуваше како вечност, рече: „Мислам дека не сум подготвена“.

„Дали би сакала да имаш сигурност во вечниот живот?“ – ја запрашав. По нејзиниот позитивен одговор го изнесов евангелието. На крајот на проучувањето, ја наведна главата во молитва и му го предаде својот живот на Исус. Додека станувавме, изгледаше како друга личност, зрачеше со доверба во Христа, каква што претходно немаше.

**Евангелието го менува животот**

Изнесувањето на евангелието е најважната работа што ја правиме кога сведочиме. Никогаш не треба да го користиме сопствениот суд за да одлучиме дали да прашаме конкретна личност дали е подготвена за небото, бидејќи ѓаволот е секогаш во близина, советувајќи ни тоа да не го правиме.

Ми стана јасно колку е важно изнесувањето на евангелието додека проучував со една двојка, Ела и Џејмс. Тие доаѓаа на евангелизација и гладно го впиваа новото библиско знаење. Тогаш Ела наиде на библиска вистина која ѝ го привлече вниманието, но секој дел од нејзиното битие ја отфрлало. Џејмс, на следното предавање дојде сам, зборувајќи дека Ела е многу несреќна по нашето последно проучување. Следното утро отидов во нивниот дом и открив дека Ела била цела ноќ будна и го проучувала секој библиски текст за темата која ја налутила, запишувајќи цела страна забелешки.

Во текот на посетата со почит ја сослушав додека ми објаснуваше зошто не се согласува со мене. Потоа ја прашав: „Дали

постои уште нешто што научи во текот на нашите проучувања, околу што имаш проблем или не се согласуваш?“ Ми одговори дека тоа е единствената тема која ја мачи, но ми ја потврди желбата да се крсти. Имајќи ја предвид таа информација, ѝ предложив да се навратиме подоцна на таа една доктрина, и наместо тоа да се насочиме кон нејзината подготовка за крштевање.

Подготвувајќи ги луѓето за крштевање, секогаш ги повторувам главните библиски учења која ја дефинираат Црквата на адвентистите на седмиот ден и ги прашувам кандидатите дали се согласуваат со секоја точка од верувањата. Списокот кој го користам за оваа пригода почнува со реченица за лично предавање на Бога. Кога ѝ ги прочитав на Ела: „Му Го предавам секое подрачје од својот живот на Исус за да одам по Неговите патишта кои ми се познати или кои ќе ги запознаам“, таа мирно седеше. Гледајќи надолу, полека заврте со главата и конечно прошепоте: „Не“.

Ѝ се заблагодарив на Ела што беше потполно искрена, и потоа ја запрашав дали би сакала да му го предаде својот живот на Исус и да има сигурност во спасението. Таа рече дека сака да има такво искуство. Следните неколку минути внимателно ѝ го објаснував евангелието. Клекнавме да се помолиме и Ела му го предаде своето срце на Христа. Тоа беше многу емотивен момент. По молитвата Ела стана и набргу откри дека вистината околу која претходно беше лута, повеќе не претставува проблем. Сега беше подготвена да се крсти, бидејќи целосно му се предаде на Исус и Неговата целокупна вистина.

Ела никогаш не се покаја за одлуката да го прифати евангелието. Години подоцна, таа и Џејмс уживаа во љубовта на нивната нова црковна единица, сè до едно утро кога трагично настрада. Секогаш, кога сум во искушение да избегнам да го поставам прашањето дали некој е сигурен во вечниот живот, се сеќавам на Ела. Тоа прашање најверојатно ја направи разликата во нејзината вечна судбина. Премногу работи зависат од евангелието за да го занемариме.

Во една друга прилика, една жена која имаше насилен сопруг се придружи на црквата против негова волја. Неговата себична

природа се разбесни поради нејзината независна одлука и тој вербално, физички и емотивно ја злоупотребуваше сѐ додека таа конечно не се пресели. Бидејќи децата им беа возрасни и заминати од домот, тој реши дека единствениот начин за да ја врати својата сопруга назад е и самиот да почне да ја проучува Библијата и да се придружи на црквата.

Иако верно доаѓаше секоја седмица на предавањата, неговото насилно однесување не се прекинуваше. Неколку пати си одеше од предавањата само за да ѝ испрати на сопругата вулгарна, заканувачка порака. Без оглед на огромните докази дека овој човек не е преобратен, личноста која му држела библиски часови не му го изнела евангелието. Кога го запрашаа за тоа, рече дека тој човек покажува голем интерес за доктрината.

Оваа ситуација го нагласува она што може да биде слабост во Адвентистичкиот евангелизам. Грешиме, поистоветувајќи го обратувањето со прифаќањето на 28-те основни вистини, а забораваме дека аголниот камен на секое такво верување е Исусовата жртва за нашите гревови. Нема вистинска вера во 28-те основни вистини доколку не постои вистинско предавање на срцето и животот на евангелието. Сѐ друго може да се нарече „легализам“. Затоа е многу важно секогаш да го изнесуваме Исусовото евангелие и да ги повикуваме луѓето да Му го предадат срцето.

Ова не можам доволно да го нагласам! Каква врска има ако му помогнеме на некој да почне да ја празнува саботата, да се храни здраво и да дава десеток, а не е преобратен? Без ова суштинско спасение, тие често си нанесуваат штета себеси и на другите.

„Спасението не значи да се биде крстен, не значи да се има име запишано во црковните книги, не значи да се проповеда вистината. Живата заедница со Исус Христос значи да се биде обновен во срцето, да се прават Христовите дела со вера, со трпение, кротост и надеж...

„Многумина пристапуваат кон Црквата, а претходно не станале едно со Христа. Тука сатаната се сити. Таквите обратеници

се негови најсилни оружја. Тие служат како стапица за другите души“ (Елен Вајт, *Еванѓелизам,* стр.238,239).

**Проповедање на евангелието**

Како тогаш да го изнесуваме евангелието? Еве основни дијалози кои сакам да ги користам. Овој модел на проучување се користи во текот на библиските теми за Второто доаѓање. Ве молам, имајте на ум дека овој пример е само илустрација. Не е потребно да го цитирате.

На пример: „Јоване, денес учевме дека Исус наскоро ќе се врати на земјата за да ги одведе своите деца дома. Сакам да бидам подготвен за Него, а вие? Додека го набљудуваме начинот кој Бог го обезбедил за да можеме да живееме со Него на небото (овде почнува презентацијата на евангелието), можам да ви поставам едно малку лично прашање. Ако не ви е пријатно да одговорите на него, едноставно кажете ми го тоа, но мислам дека тоа е најважното прашање на кое можеме да одговориме во животот. Сакаш ли да го слушнеш? (Почекајте го одговорот) „Ако Исус вечерва се врати или ако вие одеднаш умрете, дали би биле сигурни дека имате вечен живот?“

Ако настане подолга пауза, можете да кажете: „Реков дека тоа е тешко прашање“. Потоа треба да почекате додека личноста размислува за значењето на прашањето. Прифатете ја тишината и немојте да се плашите. Дозволете му на духот да ја употреби тишината за да му проговори на срцето на вашиот ученик.

Ако одговори дека има сигурност во спасението, воодушевено ќе кажете: „Тоа е прекрасно. Сега, можам ли да поставам уште едно прашање? На пример, замисли дека се наоѓаш пред бисерната порта на небото и пред да влезеш, те запира еден ангел и ти вели: „Јоване, навистина ми е мило што си овде. Одамна те чекавме. Но, пред да влезеш на небото, мораш да одговориш на едно прашање: Зошто Бог би ти дозволил на влезеш?“ Јоване, како би одговорил ти на ова прашање на ангелот?“

Точниот одговор е дека секако треба да му се дозволи влез на небото поради она што Христос го направил за него на крстот и дека го прифатил како свој Спасител, дека тежнее да го следи како Господар на нивниот живот. Ако така одговори, честитајте му и кажете му колку ви значи што знаете дека има спасоносна заедница со Исуса.

Сепак, ако каже дека би му одговорил на ангелот дека се обидувал да живее добар живот, дека се трудел да не биде лоша личност, тогаш знаете дека не го разбираат евангелието. Други, во оваа категорија можат да кажат, „Не знам што би одговорил". Во зависност од нивниот одговор, можете да кажете: „Мило ми е што слушам дека тежнееш да живееш добар живот со Бога" или „Ти благодарам на искреноста. Повеќето од нас веројатно би останале без текст соочувајќи се со такво прашање".

Во секој случај, еве како треба да одговорите на сѐ, освен на точниот одговор: „Можам ли да изнесам одговор кој Библијата ни кажува дека треба да го употребиме? Можеме понизно да му признаеме на ангелот: „Не сум достоен да влезам на небото. Можам само да се повикам на благодатта на Исусовата пролеана крв на крстот бидејќи го прифатив како свој Спасител".

Сега треба да прашате: „Јоване, дали би сакал да знаеш зошто Библијата вели дека ваквиот одговор е нашата најдобра влезница за небото?" Кога тој ќе одговори потврдно, изнесете го евангелието користејќи ги дијалозите и текстовите од крајот на ова излагање.

Ако во одговорот на вашето првобитно прашање ученикот каже дека не е подготвен да се сретне со Исус, кога Исус би дошол денес, или ако одеднаш умре, одговорете, „Ти благодарам на искреноста. Навистина го ценам тоа кај тебе. Дали сакаш да ја имаш сигурноста дека си подготвен?"

Обично одговорот ќе биде позитивен. Потоа понудете: „Можам да ти објаснам како можеш да ја имаш оваа сигурност?" Ако одговори потврдно, изнесете го евангелието.

Без оглед на тоа, колку луѓе ќе одговорат на прашањето, ќе посакате да завршите со молитва во која го посветува неговиот живот на Христа или ја утврдува својата вера. Ако може, нека се помоли сам, со свои зборови. Може и да ја повторува по вас молитвата со која вие се молите. Треба да завршите со сопствена молитва заблагодарувајќи му се на Бога за скапоцениот дар - Исус и за вечниот живот кој Тој ни го дава. Заблагодарете му за вашиот ученик и за одлуките што ги донел за Христа.

Кога сè ќе се сведе на суштинските делови, евангелието е едноставно за изнесување и лесно за разбирање, но влијанието на

евангелието на личноста која го слуша е вечно влијание. Затоа, во нашите напори да ја изнесеме пораката на тројцата ангели од Откровение 14 глава, да не занемариме да го вклучиме „вечното евангелие“ на спасението кое Исус го обезбедил.

**Четири универзални вистини**

***1. Бог те сака и те создал да ги запознаеш мирот и среќата*** (Еремија 29,11; Јован 3,16; 10,10). Зошто луѓето не доживуваат изобилен живот полн со внатрешен мир и среќа?

***2. Го немаме ова искуство бидејќи сме грешни и нашите гревови нè одвоиле од изобилниот живот кој Бог ни го дал да уживаме во него*** (Римјаните 3,23; Исаија 29,2). Кога Адам и Ева решиле да се побунат против Божјиот план, тие веднаш станале себични по природа, а и на нас ја пренеле таа себична природа (1. Мојсеева 3,12, Римјаните 5,12;3,10). Затоа не можеме да уживаме во Божјиот мир без силата која ја менува нашата себична природа. Таа сила се открива во третата универзална вистина.

***3. Божјиот Син, Исус Христос, дошол и живеел како човек за да ја разбие силата на злото и себичноста во нашата природа.*** Тој ни покажал каква е Божјата љубов за да можеме да му

се вратиме на Бога и да ја доживееме Неговата моќ и љубов во нашиот живот (Евреите 2,14.15; Римјаните 5,8). Познавањето на овие три универзални вистини не е доволно. За да пронајдеме сигурност во вечниот живот и мир, ние исто така мораме да ја знаеме и четвртата унверзална вистина.

***4. Потребно е лично да бараме од Исуса да ги прости нашите гревови и да живее во нашиот живот.*** Тогаш можеме да ги доживееме плановите кои Бог ги има за нас, не само на оваа земја, туку и на Небото (Дела 16,30.31; 2,37.38; Јован 3,7; 1,12; Ефесјаните 2,8.9). Мораме да одлучиме да се покаеме поради своите гревови и да му го предадеме животот на Исус, и тогаш можеме да знаеме дека имаме сигурност во новиот живот со Христа.

Тоа се четирите универзални вистини. Сега сакам да ви го поставам прашањето. Од следните два опуса, кој најдобро го опишува вашиот живот сега?

А. Живеете сопствен живот, со сопстена мудрост и мисли ги доживувате конфликтите и недостатокот на мир.

Б. Исус управува со вашиот живот и ви дава мудрост да донесувате правилни одлуки и Тој ви дава сила и победа.

Кој одговор би сакале да го опишува вашиот живот? Исус може да ви ги прости вашите претходни гревови и грешки и да влезе во вашиот живот и да ви подари вечен живот. Потребно е само тоа да го побарате од Него (Матеј 7,7; 1. Јованово 5,11-15).

Дали би сакале да ве поведам во молитва која е полна со надеж дека можете да имате сигурност во Исуса Христа како наш Спасител и Господ?

Градиво за саботна школа
МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ
4/2025
Излегува тримесечно

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Подготвил: Мелита Томовска

Одговара: Илија Киров

За интерна употреба